РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-21
01.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје

З

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Предмет: Известување за претставки**

Почитувани,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигнаа претставки од гледач (наш бр. - УПП 03/17 од 09.10.2024 г., и - УПП 03/21 од 21.10.2024 г.) во врска со погрешна програмска категоризација на содржини емитувани во текот на октомври 2024 година.

Агенцијата направи увид во Вашата програма и констатираше дека станува збор за следниве програми:

- играно-анимираниот филм „*Самит на шаманите*“, во режија на Александар Станковски, емитуван во периодот **од 22:02:30 до 23:26:34** од програмскиот сервис на 8 октомври 2024 година, обележан прво како – програма од прва категорија (за целата публика), а потоа и како – програма од втора категорија (непрепорачлива за деца под 8 години);

- играниот филм (комедија) „*Незаборавна пролет во заборавено село*“ (2019 г.), во режија на Куштрим Бектеши, емитуван на 11 / 12 октомври, **од 21:59:13 до 00:16:50** часот; означен како програма од прва категорија;

- играниот филм (драма) „*Одмазда*“ (2000 г.), во режија на Јан Хинтјенс, емитуван на 17 октомври, **од 22:02:07 до 23:50:22** часот; означен како програма од прва категорија;

- ТВ-снимка од театарската претстава „*Безљубни*“ (2015 г.), емитувана на 17 / 18 октомври, **од 23:34:03 до 01:54:15** часот, по текст на Благица Секуловска, во режија на Златко Славенски; означена како програма од втора категорија.

Сите споменати аудиовизуелни целини се емитувани во соодветни програмски периоди, но со погрешно применета предупредувачка сигнализација за категоријата на програмата, затоа Ви укажуваме на потребата од внимателен уредувачки однос кон класификацијата на игран или на друг вид аудиовизуелен материјал со содржина што би

можела да вознемири потенцијална малолетна ТВ-публика. Во спротивно ќе биде констатирано прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

Претставките од гледачот и одговорот на претставките се достапни на веб-страницата на Агенцијата – avmu.mk

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ